Врз основа на член 8-ѕ од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и "Службен весник на Република Северна Македеонија" бр. 275/19), Општина Свети Николе, распишува јавен повик за избор на правно лице за стручно оспособување на кандидати за добивање на сертификат за авто-такси возач.

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОВЛАСТЕНИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТИ ЗА АВТО-ТАКСИ ВОЗАЧИ

На јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани правни лица кои ги исполнуваат условите согласно Законот за превоз во патниот сообраќај, односно да располагаат со:

- Минимум 30 м$^2$ простор опремен за одржување на обуката;
- Информатичка технологија и друга опрема за водење на евиденција и
- Минимум три лица вработени во редовен работен однос со високо образование (економски, сообраќаен или правен факултет), со најмалку три години работно искуство од областа на транспортот.

Заинтересираните правни лица треба да достават цена, висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за обука, литература, потрошен материјал, трошоци за испитната комисија за полагање на испит за авто-такси возач и друго.

Обуката ќе се врши согласно Програмата за полагање на испит за добивање на сертификат за авто-такси возач, а испитот ќе го спроведува Комисија согласно правилникот за постапката и програмата за добивање на сертификат за авто-такси возач, формата и содржината на уверението за положен испит и сертификат за авто-такси возач.

Заинтересираните правни лица треба да достават:

- Пријава;
- Тековна состојба не постара од 6 месеци,
- Доказ дека располага со минимум 30 м$^2$ простор опремен за одржување на обуката;
- Доказ дека располага со информатичка технологија и друга опрема за водење на евиденција;
- Доказ дека располага со минимум три лица вработени во редовен работен однос со високо образование (економски, сообраќаен или правен факултет), со најмалку три години работно искуство од областа на транспортот и
- Трошковник за висината на надоместокот за обука и полагање на испит за авто такси возач.

Рок за пријавување е 10 дена од денот на објавувањето на огласот.

Заинтересираните правни лица, пријавите може да ги достават во архивата на општина Свети Николе или по пошта на адреса: ул. "Плоштад Илинден" бб. Свети Николе со назнака ***ПРИЈАВА ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА АВТО-ТАКСИ ВОЗАЧ***.